**Известување за концентрација со која Винтергејт Интернационал СЕ, Чешкаќе стекне контрола над Титанкоин Интернационал а.с. Чешка (предмет бр. 08-85/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 14.06.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на Винтергејт Интернационал СЕ (Wintergate International SE), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка РепубликанадТитанкоин Интернационал а.с. (Titancoin International a.s.), со регистрирано седиште на ул. Европска бр. 2758/11, Дејвице, 160 00 Прага 6, Чешка Република.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Винтергејт Интернационал СЕ е друштво со специјална намена под индиректна контрола на Рокавеј Капитал СЕ (Rockaway Capital SE), друштво-мајка на Рокавеј Групацијата (Rockaway Group), базирано во Чешка. Деловните активности на Рокавеј Групацијата примарно опфаќаат електронска трговија, онлајн туристички агенции, финансиски технологии, објавување на книги и други медиуми, ризичен капитал и инвестиции во развој на недвижности.

Рокавеј Групацијата во Северна Македонија е присутна преку Џирафа Групацијата (Gjirafa Group), врз која остварува заедничка контрола. Џирафа Групацијата работи со алатка за пребарување на албански јазик, платформа за видеа/вести, онлајн маркетнг платформа и платформа за електронска трговија фокусирана на Албанија, Косово и Северна Македонија.

Џирафа Групацијата има едно зависно друштво во Северна Македонија, ЏИРАФА ДООЕЛ Скопје, кое е активно во областа на онлајн малопродажба.

Титанкоин Интернационал а.с. самостојно не спроведува деловни активности, тоа поседува 100% од акциите во ВИВАНТИС а.с. (VIVANTIS a.s.), чешко акционерско друштво, со регистрирано седиште на ул. Школни намести бр. 14, 537 01 Хрудим, Чешка Република,. Вивантис а.с. работи со разни електронски продавници кои се активни примарно во Чешката Република, Словачка, Романија, Унгарија, Австрија и Италија, и се главно фокусирани на козметика, парфеми, мода, часовници и накит, електроника (особено потрошувачка електроника и мали апарати за домаќинство) и производи за мајчинство.

Титанкоин Интернационал а.с. нема зависни друштва во Северна Македонија ниту пак е присутен на пазарот на Северна Македонија на било кој друг начин.

Подносителот на известувањето смета дека како релевантен пазар, за целите на оценка на концентрацијата е пазарот на онлајн малопродажба на производи за широка потрошувачка во Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.06.2023 година
Скопје